на македонски. По некои од рефератите се разви и мошне плодна и корисна дискусија.

Сите материјали од симпозиумот ќе бидат печатени во списанието на Институтот за фолклор на СРМ „Македонски фолклор“, како што беше практика и со претходните симпозиумски материјали, со што овие значајни достигања од фолклористиката ќе ѝ станат достапни на научната јавност.

На крајот посебно треба да се истакне мошне успешната организација, како и мошне срдечниот прием и покажано разбирање од страна на покровителот на симпозиумот и градот Охрид како домаќин, кој и во оваа прилика покажа дека има широки можности за успешно одржување на вакви и слични научни собири.

**С. М.**

## ПРЕСТОЈ НА ГРУПА СТУДЕНТИ ВО СКОПЈЕ ОД ОДДЕЛЕК ЗА ЗГОДОВИНО НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО ЉУБЉАНА НА 29 и 30 СЕПТЕМВРИ 1975 ГОДИНА.

27 студенти од „Одделек за зговодино“ на Филозофскиот факултет во Љубљана со своите професори: проф. д-р Фердо Гестрин, проф. д-р Воје Игнациј, проф. д-р Јанко Плетерски и Драги Стефанија, лектор по македонски јазик на Филозофскиот факултет во Љубљана, во рамките на својата научна екскурзија низ СР Македонија, престојуваа на 29 и 30 септември 1975 год. во Скопје.

За да можат поуспешно да ја реализираат својата програма во време на престојот во Скопје, тие уште пред своето доаѓање во Скопје, се обратија со писмо до Катедрата за историски науки на Филозофско-историскиот факултет во Скопје. Во него тие ги изнесоа своите желби да ја посетат Катедрата за историски науки и по можност да чујат неколку предавања од историјата на македонскиот народ, да го посетат Институтот за национална историја, Архивот на Македонија и некои културно-историски споменици во Скопје. Во врска со предавањата тие изјавија дека би сакале да чујат предавања од Народноослободителната борба во Македонија и за положбата на македонското малцинство во Грција и Бугарија.

Катедрата за историски науки им излезе во пресрет на нивните желби и се потруди да ја реализира предложената програма. На 29 септември наутро нив ги дочекаа заменик шефот на Катедрата за историски науки проф. д-р Војо Кушевски и Христо Меловски, асистент на истата Катедра. Во нивна придружба професорите и студентите од Љубљана истиот ден претпладне ги посетија Институтот за национална историја и Архивот на Македонија. И во Институтот и во Архивот тие беа срдечно примени и запознаени со развојот на двете институции и со нивните научно-истражувачки цели и задачи.

Попладнето тие ги посетија културно историските споменици во стариот дел на градот, меѓу нив

комплексот Кале, црквата св. Спас, Куршумли ан, Уметничката галерија и др., при што добија стручно објаснување за посетените споменици од страна на проф. д-р Иван Микулчиќ, вонреден професор на Филозофско-историскиот факултет и Лидија Богоевиќ-Кумбараџи, кустос при Заводот за заштита на културните споменици и природни реткости на гр. Скопје.

На 30 септември претпладне за нив беа одржани две предавања:

1. Прашањето на македонското малцинство во Бугарија и Грција — предавач Ванчо Апостолски, директор на НИП „Нова Македонија", и

2. Специфичностите на НОБ во Македонија — предавач Славка Фиданова, вонреден професор на Филозофско-историскиот факултет во Скопје.

Професорот Љубен Лапе, поради службено отсуство не беше во можност да го одржи своето предавање, затоа тој го подготви напишано на словенечки јазик под наслов „Кратек преглед зговодовине македонскега народа". Тоа беше умножено и поделено на сите студенти и професори од Љубљана.

Во 12 часот на Катедрата за историски науки се одржа мошне срдечна и пријателска средба меѓу професорите и студентите од Љубљана и професорите и студенти од група Историја на Филозофско-историскиот факултет од Скопје. Шефот на Катедрата проф. д-р Христо Андонов Полјански ги поздрави гостите од Љубљана и им пожела пријатен престој во нашата Република. Тој се осврна накратко на заемните врски на словенечкиот и македонскиот народ во тек на историјата.

На топлиот и пријателски прием, на кој наидоа во Катедрата за историски науки, од страна на гостите од Љубљана се заблагодари проф. д-р Воје Игнациј, водач на групата. Тој ги покани професорите и студентите од групата Историја на Филозофско-историскиот факултет од Скопје, да им ја вратат посетата и да бидат гости на Одделек за зговодино на Филозофскиот факултет во Љубљана.

Потоа, околу еден час се водеа интересни разговори меѓу професорите и студентите од Љубљана и професорите и студентите од група Историја на Филозофско-историскиот факултет во Скопје. При тоа се разменети мислења за повеќе прашања поврзани со наставата на двете Катедри.

На 30 септември попладне гостите имаа слободно време за прошетка низ градот, а на 1 октомври наутро тие заминаа за Охрид.

Разгледувајќи го овој краток престој на групата студенти и професори-историчари од Љубљана, можеме да заклучиме дека ваквите контакти меѓу студенти и професори од две Катедри по Историја од нашата земја, би биле не само пријатни и интересни, туку и многу корисни за размена на мислење и искуства и за збогатување на знаењата на студентите по историја. Пожелно би било ваквите контакти да бидат што почести.

**Д. П.**